# СООПШТЕНИЕ

Врз основа на член 74 став (8) точка 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), службеникот за усогласеност на операторот на електропреносниот систем, Оператор на електропреносен систем, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (во понатамошниот текст: АД МЕПСО Скопје), на 22 јануари 2020 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави на одобрување Годишен извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО Скопје бр. 12-205/1 од 22 јануари 2020 година, којшто го дополни на 13 март 2020 година со допис бр. 12-205/5 од 13 март 2020 година.

Регулаторната комисија за енергетика врз основа на член 24 став (1) точка 2) алинеја 14 од Законот за енергетика* одобрува извештај на службеникот за усогласеност за спроведување на плановите за усогласеност.

Со оглед на одлуката на Владата на Република Северна Македонија за превенција од ширење на COVID-19 и пандемијата што е прогласена од Светската здравствена организација, Регулаторната комисија за енергетика на 16 март 2020 година одлучи да не се одржуваат подготвителни седници и комуникацијата со засегнатите страни да оди по електронски пат.

Имајќи го предвид горе наведеното, на следниот линк е Годишниот извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО Скопје доставен од службеникот на усогласеност на АД МЕПСО Скопје за којшто најдоцна до 25 март 2020 година можете да доставувате забелешки, коментари и предлози на erc@erc.org.mk.

Со почит,

**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги
на Република Северна Македонија**

ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-036/2019